„Аллах ви забранува да се заколнувате во вашите татковци

Од Омер бин Хатаб, радијаллаху анху, се пренесува дека рекол: Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, кажал: „Аллах ви забранува да се заколнувате во вашите татковци.“ Омер рече: „Се колнам во Аллах, откако слушнав дека Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, рекол да не се колнеме во татковците, не го направив тоа! Ниту самиот за себе, ниту пренесувајќи од некој друг.“

[صحيح] [متفق عليه]

Аллаховиот пратеник, алејхи селам, нè известил дека Возвишениот Аллах забранил да се колнеме во нашите татковци, и оној кој сака да се заколне, нека се заколне во Аллах, и нема да се заколне во некој друг. Потоа Омер, радијаллаху анху, спомна дека тој не се заколнал во татковците откако го слушнал Аллаховиот пратеник, алејхи селам, дека тоа е забрането, и не го направил тоа ниту намерно ниту пренесувајќи од некој друг кој се заколнал на забранетиот начин.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/2945